**Известување за концентрација со која г. Дирк Хофман (Mr. Dirk Hoffman), германски државјанин ќе стекне контрола над ЕВТ Трак & Трејлер Хенделс ГмбХ, Австрија и ЕВТ Иммобилиен ГмбХ, Австрија (предмет бр. 08-134/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 22.08.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на Известувањето се однесува на стекнувањето на самостојна контрола од страна на **г. Дирк Хофман** (Mr. Dirk Hoffman), германски државјанин над **ЕВТ Трак & Трејлер Ханделс ГмбХ** (EWT Truck & Trailer Handels GmbH), со регистрирано седиште на Ахенвег 22/Б 2.2, 6730 Китзбухел, Австрија, регистрирано при Регионалниот суд во Инсбрук под трговскиот регистарски број FN 493713 z, и **ЕВТ Иммобилиен ГмбХ** (EWT Immobilien GmbH) со регистрирано седиште на Ахенвег 22/Б 2.2, 6730 Китзбухел, Австрија, регистрирано при Регионалниот суд во Инсбрук под трговскиот регистарски број FN 157766 I.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

**Г. Дирк Хофман е еден од содржниците во ЕВТ Трак & Трејлер Ханделс ГмбХ, Австрија и ЕВТ Иммобилиен ГмбХ, Австрија.**

Дополнително, Дирк Хофман (индиректно) има право на (заедничка) контрола во Шмиц Каргобул АГ (Schmitz Cargobull AG)(во понатамошниот текст - **ШКБ**), германски производител на полу приколки, каросерии и приколки.

Поконкретно, портфолиото на производи на ШКБ се состои од каросерии на товарни кутии, церади, кипери, шасии за контејнери, системи за замена и приколки. Производите на ШКБ се користат во широк опсег на области и сектори, како што се превозот на земјоделски и шумарски добра, хемикалиите, курирски експресни и доставувачки услуги, транспортот со контролирана температура, автомобилската индустрија, општиот превоз на товар, хартија и челични ролни, транспортот на сув товар, дистрибуција на храна, пијалоци, фармацевтски производи, транспортот низ градилишта, градежните материјали, мултимодалниот транспорт, транспортот на големо и рециклирањето.

ШКБ има регистрирано зависно друштво во Северна Македонија – ШМИЦ КАРГОБУЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден.

ЕВТ Трак & Трејлер Ханделс ГмбХ е основана, како генерален застапник на ШКБ во Полска, Република Чешка и Словачка.

Дополнително, ЕВТ Трак & Трејлер Хanделс ГмбХ дејствува како продавач на Мерцедес-Бенц (Mercedes-Benz) возила во Полска и Република Чешка. Поконкретно, портфолиото на производи на ЕВТ Трак & Трејлер Ханделс ГмбХ ги опфаќа комерцијалните возила на Мерцедес Бенц (камиони, лесни деловни возила) во Полска и патничките и комерцијалните возила (камиони, лесни комерцијални возила) во Република Чешка.

ЕВТ Иммобилиен ГмбХ е (интрагрупациско) друштво за недвижности. Неговите деловни активности се состојат од поседување и изнајмување на недвижен имот кој се користи за извршување на деловните активности на ЕВТ Трак & Трејлер Ханделс ГмбХ. Затоа, ЕВТ Иммобилиен ГмбХ не остварува приходи од трети страни.

Целните друштва не се присутни во Северна Македонија, ниту пак оствариле приходи во Северна Македонија во 2022 година.

Според подносителот на известувањето како релевантен пазар за оценка на предметната концентрација би можел да се дефинира како *пазар* за продажба на приколки (полуприколки, каросерии и приколки); пазар за продажба на камиони; пазар за малопродажба на нови патнички автомобили и нови лесни комерцијални возила; пазар за малопродажба на половни возила; пазар за продажба на резервни делови; и пазар за услуги за одржување и поправка на *територијата на Република Северна Македонија*.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

19.09.2023 година
Скопје